# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

# ПРИРАЧНИК ЗА ЕДУКАЦИЈА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА САРАЈ И ИЗБИРАЧКИТЕ ОДБОРИ ВО НЕЈЗИНА НАДЛЕЖНОСТ

**ПРЕДВРЕМЕНИ ИЗБОРИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА САРАЈ**

**18 ДЕКЕМВРИ 2011 ГОДИНА**

## *ПОРАКА ОД ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА*

*Спроведувањето на слободни и фер избори е одраз на степенот на демократски развој на една држава. Како членови на општинските изборни комисии и избирачките одбори имате важна улога во спроведувањето на изборните активности во рамки на вашите законски надлежности. Државната изборна комисија на Република Македонија (ДИК), е убедена дека сите избирачи со право на глас ќе се здобијат со позитивно искуство при гласањето. Сигурни сме дека со вашиот ангажман во изборните органи ќе овозможите изборите да се спроведат во фер и демократска атмосфера, согласно Изборниот законик. Ви благодариме на вашата желба да ја преземете оваа одговорна задача.*

*Овој прирачник е подготвен со цел да Ви послужи како практично помагало за спроведување на изборите согласно со Изборниот законик. Важно е внимателно да го прочитате прирачникот и да ги следите постапките како што се дадени. Прирачникот е напишан на едноставен јазик. Се препорачува да го прочитате и самиот Изборен законик. Бидејќи наша цел е да подготвиме корисни прирачници за изборните постапки, ДИК се надева дека своите мислења или сугестии за овој прирачник ќе ги доставите до членовите на Општинската изборна комисија и ДИК.*

*Уште еднаш Ви се заблагодаруваме за вашата определба за слободни и фер избори. Се надеваме дека со овие избори ќе докажеме дека Република Македонија има капацитет да спроведе фер и демократски избори во согласност со меѓународните стандарди.*

*Борис Кондарко*

*Претседател на Државната изборна комисија*

**СОДРЖИНА**

ПОИМНИК.............................................................................................................................................
КАКО ДА СЕ ПРОНАЈДЕ И КОРИСТИ ИЗБОРНАТА РЕГУЛАТИВА.........................................................

**ДЕЛ ПРВИ**

**Глава I**.................................................................................................................................................
1. ИЗБИРАЧКО ПРАВО И ИЗБОРЕН МОДЕЛ..........................................................................................
2. НЕСПОЈЛИВОСТ НА ФУНКЦИЈАТА ГРАДОНАЧАЛНИК...................................................................

**Глава II ИЗБОРНИ ОРГАНИ**....................................................................................................................
1. ВИДОВИ ИЗБОРНИ ОРГАНИ..................................................................................................................
1.1 ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА..................................................................................................
1.1.1 Избор и состав на општинска изборна комисија.............................................................
1.1.2 Надлежност на општинска изборна комисија..................................................................
1.2 ИЗБИРАЧКИ ОДБОР.............................................................................................................................
1.2.1 Состав на избирачкиот одбор...........................................................................................
1.2.2 Надлежности на избирачкиот одбор.................................................................................
2. НАЧИН НА РАБОТА И ОДЛУЧУВАЊЕ НА ИЗБОРНИТЕ ОРГАНИ......................................................

**Глава III ЛИЦА КОИ МОЖЕ ДА ЈА НАБЉУДУВААТ РАБОТАТА НА ОИК И ИО**...............................
1. ОВЛАСТЕНИ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ПОДНОСИТЕЛИТЕ НА ЛИСТИ НА КАНДИДАТИ.......................
2. АКРЕДИТИРАНИ НАБЉУДУВАЧИ........................................................................................................
3. НОВИНАРИ..............................................................................................................................................

**Глава IV ИЗБОРЕН МАТЕРИЈАЛ**..............................................................................................................
1. ВИДОВИ ИЗБОРЕН МАТЕРИЈАЛ..........................................................................................................
1.1 Доверлив изборен материјал...........................................................................................................
1.2 Недоверлив изборен материјал.......................................................................................................

**ДЕЛ ВТОРИ**

**Глава I КАНДИДИРАЊЕ**.............................................................................................................................
1. ПРЕДЛАГАЊЕ НА КАНДИДАТИ...............................................................................................................
2. ПРОВЕРКА НА ЛИСТАТА НА КАНДИДАТ.................................................................................................
2.1 Постапка за проверка на листа...........................................................................................................
3. ПОТВРДУВАЊЕ НА ЛИСТАТА НА КАНДИДАТ........................................................................................
4. ОТВОРАЊЕ НА ЖИРО-СМЕТКА НА ОРГАНИЗАТОРОТ НА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА.......................
5. УТВРДУВАЊЕ НА РЕДОСЛЕДОТ НА ЛИСТИТЕ НА КАНДИДАТ ВО ГЛАСАЧКОТО ЛИВЧЕ…………..

**Глава II АКТИВНОСТИ НА ИЗБОРНИТЕ ОРГАНИ ДЕН ПРЕД ОДРЖУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ**..........
1. ДОСТАВУВАЊЕ НА ИЗБОРНИТЕ МАТЕРИЈАЛИ ОД ОИК НА ИО.......................................................
2. ПРОВЕРКА НА ГЛАСАЧКИТЕ ЛИВЧИЊА.................................................................................................
3. УРЕДУВАЊЕ НА ГЛАСАЧКОТО МЕСТО....................................................................................................
4. ГЛАСАЊЕ НА ИЗБИРАЧИ КОИ СПОРЕД ЗАКОНОТ ГЛАСААТ ДЕН ПРЕД ИЗБОРИТЕ.....................
4.1 Немоќни или болни лица.....................................................................................................................
4.2 Лица кои на денот на гласањето се наоѓаат на издржување казна затвор или се во притвор и внатрешно раселени лица ..............................................................................................................

**Глава III АКТИВНОСТИ НА ИЗБОРНИТЕ ОРГАНИ НА ДЕНОТ НА ИЗБОРИТЕ**.................................

1. ПОСТАПКА ЗА ГЛАСАЊЕ...........................................................................................................
2. ГЛАСАЊЕ НА ИЗБИРАЧИ НА КОИ ИМ Е ПОТРЕБНА ПОМОШ......................................................
3. ЗАТВОРАЊЕ НА ГЛАСАЧКОТО МЕСТО...............................................................................................
4. СУМИРАЊЕ И УТВРДУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД СТРАНА НА ИО..........................................
4.1 Порамнување на гласачките ливчиња......................................................................................
4.2 Отварање на гласачката кутија..................................................................................................
4.3 Броење на гласовите.......................................................................................................................
4.4 Важечко и неважечко гласачко ливче.......................................................................................
5. ПАКУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛИТЕ ОД ГЛАСАЊЕТО И ДОСТАВУВАЊЕ ДО ОИК...........................
5.1 Пакување на материјалите од гласањето..................................................................................
5.2 Доставување на материјалите од гласањето до ОИК...............................................................
6. СУМИРАЊЕ И УТВРДУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД СТРАНА НА ОИК.......................................

**Глава** IV **ОДРЖУВАЊЕ НА РЕДОТ И МИРОТ НА ГЛАСАЧКОТО МЕСТО**.......................................
1. УЛОГАТА НА ИО ВО ОДРЖУВАЊЕ НА РЕДОТ И МИРОТ НА ГЛАСАЧКОТО МЕСТО..................
2. ПОЈАВИ НА СЕМЕЈНО И ГРУПНО ГЛАСАЊЕ, ГЛАСАЊЕ ВО ИМЕ НА ДРУГ- СПРЕЧУВАЊЕ ....
3. УЛОГАТА НА ПОЛИЦИЈАТА НА ДЕНОТ НА ИЗБОРИТЕ – КОМУНИКАЦИЈА СО ИО.....................
4. ПРАВИЛА ЗА ЕФИКАСНО РЕШАВАЊЕ НА НЕСОГЛАСУВАЊА ....................................................

## ПОИМНИК

Поимите во овој прирачник го имаат следното значење:

**„Избирачко право“** има секој државјанин на Република Македонија со наполнети 18 години живот и деловно способен;

**„Изборни органи“** се органите надлежни за спроведување на изборите утврдени со овој законик;

**„Државна изборна комисија (ДИК)“** - се грижи за законитоста во подготовката и спроведување на изборите во согласност со Изборниот законик и врши надзор над работата на изборните органи.

**„Општинска изборна комисија (ОИК)“** - се грижи за законитоста во подготовката и спроведувањето на изборите во согласност со Изборниот законик и врши надзор на работата на избирачките одбори.

**„Избирачки одбор (ИО)“** - орган кој се грижи за законито спроведување на изборите и кој непосредно го спроведува гласањето на гласачкото место.

**„Член на изборен орган“** се претседателот, членовите и нивните заменици кои ги сочинуваат изборните органи и ги спроведуваат изборните дејствија;

**„Избирачкиот список“** – е јавна исправа во која се запишани граѓаните со избирачко право;

**„Избирачко место“** - населено место или дел од населено место каде што избирачите од тоа подрачје го остваруваат своето избирачко право.

**„Гласачко место“** - место каде избирачите гласаат на денот на изборите.

**„Подносител на листа“** се регистрираните политички партии или нивни коалиции регистрирани во Државната изборна комисија, група избирачи и пратеници;

**„Кандидат“** е државјанин на Република Македонија утврден од надлежната изборна комисија во согласност со овој законик, за кој ќе се гласа на избори;

**„Независен кандидат“** е кандидат за избор на претседател на Републиката, пратеник, градоначалник или член на совет кој е поддржан од “група избирачи“;

**„Носител на листа на кандидати“** - Лицето под број еден на листата на кандидати поднесена од политичка партија, коалиција или група на избирачи;

**„Политичка партија“** е регистрирана политичка партија во согласност со закон;

**„Позицијата"** ја сочинуваат политичките партии на власт кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови;

**„Опозицијата"** ја сочинуваат политичките партии во опозиција кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови;

**„Овластен претставник“** е лице ополномоштено од еден регистриран кандидат, политичка партија или коалиција за застапување на нивните интереси пред изборните органи;

**„Коалиција“** е здружување врз основа на изјава на две или повеќе регистрирани политички партии за заедничко настапување за време на одржување на избори;

**„Изборна кампања“** е јавно претставување на потврдените кандидати од надлежните изборни органи и нивните програми во предизборниот период за одреден вид на избори;

**„Организатор на изборна кампања“** е овластено лице од политичка партија, коалиција или група избирачи кои ја организираат изборната кампања;

**„Набљудувачи“** се претставници на домашни и странски регистрирани здруженија на граѓани кои имаат овластување од Државната изборна комисија за набљудување на изборите;

**„Гласачка кутија“** - кутија во која избирачите ги ставаат гласачките ливчиња по гласањето;

**„Гласачки параван“** - направен од картон кој му овозможува тајност на гласачот при обележување на гласачкото ливче;

**„Перниче за отпечатоци“** - мало перниче за отпечатоци кое се користи за неписмени избирачи кои наместо да се потпишат оставаат отпечаток од показалецот до своето име на изводот од избирачкиот список;

**„Невидливо мастило (УВ – спреј)“** - мастило во вид на спреј кое се нанесува и останува на палецот, внимавајќи со спрејот да се опфати и ноктот на десната рака на избирачот;

**„Ултравиолетова ламба (УВ – ламба)“** - ламба чија светлина го прави видливо невидливото мастило нанесено со спреј на палецот на избирачот;

**„Лична карта“** - една од двете исправи со кои се докажува идентитетот, живеалиштето и адресата на граѓанинот на Република Македонија а кој документ се користи за потврдување на идентитетот на избирачот пред да му се даде гласачко ливче;

**„Пасош (патна исправа)“** - исправа која може да се користи за потврдување на идентитетот на избирачот пред да му се даде гласачко ливче;

**„Гласачко ливче“** - отпечатен примерок на хартија на кој се наведени, името на подносителот на листата, името и презимето на кандидатот, односно носителот на листата по претходно утврден редослед. Гласачкото ливче содржи дел за гласање и дел кој останува на кочанот;

**„Блок со гласачки ливчиња“** - во еден блок се поврзани гласачките ливчиња според изводот од избирачкиот список и секој избирачки одбор ќе добие онолку гласачки ливчиња колку што има избирачи во изводот од Избирачкиот список за тоа гласачко место;

**„Кочан“** - дел од блокот со гласачки ливчиња кој останува откако ќе се откине гласачкото ливче. Делот од гласачкото ливче што останува на кочанот на блокот го

содржи серискиот број на гласачкото ливче, општината и бројот на гласачкото место. Кочанот останува прикачен за блокот со гласачките ливчиња кои останале неупотребени;
**„Записник“** - пропишан образец од ДИК;
**„Дневник за евиденција на настани“** - дневник во кој се води евиденција на работата на избирачкиот одбор. Евиденцијата од дневникот може да се користи при составување на записникот на избирачкиот одбор на образец пропишан од ДИК.

## КАКО ДА СЕ ПРОНАЈДЕ И КОРИСТИ ИЗБОРНАТА РЕГУЛАТИВА

Изборната регулатива е пропишана во Изборниот законик (Сл. весник на РМ, бр.40/2006) и Законот за изменување и дополнување на изборниот законик (Сл. весник на РМ, бр.136/2008).

Прописите, упатствата и обрасците се достапни на веб страницата на Државната изборна комисија:
www.sec.mk

Кога не сте сигурни при толкувањето на одредбите од Изборниот законик по однос на преземање на определено изборно дејствие слободно консултирајте ги општинската, односно Државната изборна комисија.

# ДЕЛ ПРВИ

## Глава I: ИЗБИРАЧКО ПРАВО, ИЗБОРЕН МОДЕЛ И НЕСПОЈЛИВОСТ НА ФУНКЦИЈАТА ГРАДОНАЧАЛНИК

### 1. ИЗБИРАЧКО ПРАВО И ИЗБОРЕН МОДЕЛ

**Избирачко право** има секој државјанин на Република Македонија кој:

- ❖наполнил 18 години живот;
- ❖има деловна способност и
- ❖има постојано живеалиште во општината каде што се врши изборот, односно општина Сарај.

**Право да биде избран за градоначалник** на општина Сарај има секој државјанин на Република Македонија, ако:

- ❖наполнил 18 години живот,
- ❖има деловна способност,
- ❖не се наоѓа на издржување казна затвор за сторено кривично дело,
- ❖не е осуден со правосилна судска одлука на безусловна казна затвор над шест месеца и
- ❖има постојано живеалиште во општината каде што се врши изборот, односно општина Сарај.

Изборот за градоначалник се врши на подрачјето на општина Сарај според **мнозинскиот модел**.

**Во првиот круг од гласањето** за градоначалник е избран оној кандидат кој добил мнозинство гласови од избирачите кои гласале, доколку на изборите излегле една третина од вкупниот број избирачи запишани во изводот од Избирачкиот список за општина Сарај.

**ПРИМЕР:** Вкупниот број на избирачи запишани во изводите од Избирачкиот список за општина Сарај изнесува 29.225. Една третина од гласачите е 9742 што значи дека за да има одѕив од една третина, на гласањето во првиот круг треба да гласаат најмалку 9742 гласачи. Доколку во првиот круг гласале **само** 9742 гласачи, кандидатот треба да добие најмалку 4872 гласови за да биде избран во првиот круг

Ако за градоначалник е предложен еден кандидат, а во првиот круг на гласање не го добил потребното мнозинство гласови, се повторува целата изборна постапка

Ако во првиот круг ниту еден кандидат за градоначалник не го добил потребното мнозинство гласови, во вториот круг се гласа за двајцата кандидати кои во првиот круг добиле најмногу гласови.

**Во вториот круг на гласање** за градоначалник е избран кандидатот кој добил поголем број гласови, независно од одѕивот на гласачите.

Вториот круг на гласање се одржува во рок од 14 дена од денот на завршувањето на првиот круг на гласањето. Ако и по вториот круг од било кои причини не се изврши избор на градоначалник, општинската изборна комисија во рок од 15 дена од завршувањето на изборите ја известува Владата која во рок од 15 дена по добивањето на известувањето, ќе именува повереник за вршење на работите од надлежност на градоначалникот.

### 2. НЕСПОЈЛИВОСТ НА ФУНКЦИЈАТА ГРАДОНАЧАЛНИК

Функцијата градоначалник е неспојлива со функцијата:

- ❖претседател на Републиката,
- ❖претседател на Владата на Република Македонија,
- ❖министер,
- ❖пратеник,
- ❖судија,
- ❖јавен обвинител,
- ❖јавен правобранител,
- ❖народен правобранител
- ❖и со други носители на функции кои ги избира или именува Собранието и Владата на Република Македонија.

Со денот на верификацијата на мандатот за градоначалник, на носителот на функцијата, истата му престанува.

Функцијата градоначалник е неспојлива и со:

- ❖извршување стручни и управни работи во органите на државната управа,
- ❖извршување стопанска или друга профитна дејност,
- ❖членување во управни одбори на јавни претпријатија, јавни установи, фондови, агенции, заводи и во други правни лица и
- ❖со избор на претставник на државниот и општествен капитал во трговските друштва.

## Глава II: ИЗБОРНИ ОРГАНИ

### 1. ВИДОВИ ИЗБОРНИ ОРГАНИ

За спроведување на предвремените избори за градоначалник на општина Сарај надлежни се **три вида изборни органи**:

- ❖Државната изборна комисија,
- ❖Општинска изборна комисија Сарај и
- ❖избирачките одбори во надлежност на општинска изборна комисија Сарај.

Доколку претседателот, неговиот заменик, членовите, нивните заменици, секретарот и неговиот заменик именувани во изборните органи, прифатат кандидатура за градоначалник им престанува функцијата во изборниот орган.

## 1.1 ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

### 1.1.1 Избор и состав на општинската изборна комисија

Општинската изборна комисија е составена од претседател, четири члена и нивни заменици.
Претседателот на општинската изборна комисија именува секретар и негов заменик кои ги извршуваат стручно – административните и организационо – техничките работи. Тие учествуваат во работата на комисијата, но немаат право на глас.

### 1.1.2 Надлежност на општинската изборна комисија

Општинската изборна комисија се грижи за законитост во подготовката и спроведувањето на изборите во согласност со законикот и врши надзор на работата на избирачките одбори.

Општинската изборна комисија при спроведувањето на изборите за градоначалник:

1) го именува составот на избирачките одбори со решение и со депонирани потписи на членовите го доставува до Државната изборна комисија;
2) ги разрешува членовите на избирачкиот одбор во случај на нивно противзаконско работење пред денот на изборите и на денот на изборите;
3) дава упатство за работење на избирачките одбори;
4) ги огласува утврдените листи за кандидати;
5) ја организира и спроведува едукацијата на членовите на избирачките одбори според планот и програмата на Државната изборна комисија и им издава уверенија за завршена обука;
6) презема технички подготовки за спроведување на изборите според упатствата и инструкциите на Државната изборна комисија;
7) ја контролира законитоста на работењето на избирачките одбори и интервенира во случаите кога е констатирана повреда на законитоста во подготовките, кандидирањето и спроведувањето и утврдувањето на резултатите на изборите, како и на упатствата и препораките дадени од неа;
8) изготвува извештај и го доставува до Државната изборна комисија;
9) ги информира граѓаните за местото на гласање;
10) ги евидентира и потврдува овластените претставници за следење на работата на општинската изборна комисија и на избирачките одбори и им издава беџови со бројот на избирачкото место на овластените претставници кои ќе ја следат работата на избирачките одбори;
11) ги предава и собира изборните материјали на и од избирачките одбори на начин утврден со Изборниот законик;
12) пополнува и доставува статистички податоци за потребите на Државниот завод за статистика;
13) во рок од пет часа од приемот на целокупниот изборен материјал од избирачките одбори ги сумира резултатите од гласањето за листата на кандидати од избирачките места за кои е надлежна, составува записници и истите и ги предава на Државната изборна комисија;
14) обезбедува доказни материјали при одлучување по правните лекови
15) утврдува дали предложените листи на кандидати за избор на градоначалник се поднесени во согласност со Изборниот Законик;
16) ги потврдува листите на предложените кандидати и со ждрепка го утврдува редоследот на единствената листа на кандидати;
17) го чува изборниот материјал од локалните избори;
18) ги утврдува резултатите од гласањето во општината и на избраниот кандидат за градоначалник му издава уверение за изборот веднаш по конечноста на изборите и
19) врши други работи во согласност со Изборниот Законик

## 1.2 ИЗБИРАЧКИ ОДБОР

Избирачки одбор (во понатамошниот текст: ИО) е орган кој се грижи за законито спроведување на изборите и непосредно го спроведува гласањето на гласачкото место. ИО се формира за секое избирачко место.

### 1. 2.1 Состав на избирачкиот одбор

- ИО е составен од претседател, четворица членови и нивни заменици.
- Лицето избрано за претседател, член или негов заменик на избирачкиот одбор може да не прифати да ја извршува таа должност само поради здравствени или семејни причини, при што за не прифаќањето одлучува општинската изборна комисија која го избрала, врз основа на приложена соодветна документација.
- Начинот и постапката за утврдување на одговорноста за незаконито работење на претседателот, неговиот заменик, членовите и нивните заменици во избирачките одбори се уредуваат со Законот за државните службеници и Законот за работните односи.
- Општинската изборна комисија ги разрешува членовите на ИО во случај на нивно противзаконско работење пред денот на изборите и на денот на изборите.
- Заменициte учествуваат во работата на избирачките одбори, само во случај на отсуство на членовите.

### 1.2.2 Надлежности на избирачкиот одбор

ИО се грижи за законито спроведување на изборите. Избирачкиот одбор:

1) Непосредно го спроведува гласањето на гласачкото место
2) Обезбедува правилност и тајност на гласањето
3) Обезбедува слободно и мирно одржување на гласањето
4) Го утврдува и сумира резултатот од гласањето на гласачкото место
5) Резултатите од гласањето ги објавува на самото место каде што се спроведувало гласањето и
6) Изготвува извештај и води дневник за својата работа и ги доставува до ОИК

ИО работите од својата надлежност ги врши во согласност со Изборниот законик и упатствата од Државната изборна комисија.

## 2. НАЧИН НА РАБОТА И ОДЛУЧУВАЊЕ НА ИЗБОРНИТЕ ОРГАНИ

Изборните органи во своето работење задолжително ги почитуваат следните **принципи:**

- можат да работат ако на седниците присуствува мнозинството од членовите.
- одлуките ги носат со мнозинство гласови од вкупниот број членови. Во случај на отсуство на член на изборните органи во работата на седниците учествува неговиот заменик, кој тогаш има право на глас.
- Работата на изборните органи е јавна. Изборниот процес и процедурите во текот на целиот изборен процес, се отворени за овластените претставници и акредитираните домашни и меѓународни набљудувачи и акредитираните новинари. (за нивните права види Дел први, Глава 3)

Овластениот претставник на подносителот на листата на седницата на изборните органи може:

1) да побара и да изврши целосен увид во целокупната документација на изборниот орган
2) да предупреди за неправилности во работата и доколку не биде прифатено предупредувањето, може да побара тоа да биде внесено во записникот.

- За секоја седница, изборните органи составуваат записник. Секоја одлука треба да се забележи во записникот и да биде проследена со мислење од оние членови кои се во малцинство, ако тие така сакаат.
- Општинската изборна комисија е должна веднаш по завршувањето на изборите до Државната изборна комисија да достави:

- Копија од записниците од седници (потпишани од членовите кои биле присутни на седниците)
- Извештај за работа на ОИК (потпишан од сите членови на ОИК) и
- Финансиски извештај (заедно со Одлука за усвојување)/потпишан од сите членови на ОИК

## Глава III: ЛИЦА КОИ МОЖЕ ДА ЈА НАБЉУДУВААТ РАБОТАТА НА ОИК И ИО

Работата на изборните органи е јавна. Лицата кои имаат право да ја набљудуваат работата на изборните органи од започнувањето на изборите се до утврдувањето и објавувањето на резултатите, може да ги поделиме во три групи:

### 1. ОВЛАСТЕНИ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ПОДНОСИТЕЛИТЕ НА ЛИСТИ НА КАНДИДАТ

Секој подносител на листа на кандидати може да издаде овластување (кое не мора да има печат) со кое ќе определи претставник и негов заменик кои ќе ја следат работата во изборните органи. За тоа подносителот на листата го известува изборниот орган.

Проверката на овластувањето ја врши Избирачкиот одбор.

Овластениот претставник на подносителот на листата се легитимира пред ИО на начин што го покажува неговото овластување, фотокопија од нотарски завереното генерално овластување од подносителот на листата и покажува документ за лична идентификација.

ИО е должен да го прифати овластувањето на овластениот претставник да ја следи работата на ИО од започнувањето, па се до утврдувањето и објавувањето на резултатите.

Овластените лица кога ќе дојдат да ја следат работата на изборниот орган:

- имаат право на седница на изборен орган да побараат и да извршат целосен увид во целокупната документација на изборниот орган
- може да предупредат за неправилности во работата и доколку не биде прифатено предупредувањето, може да побараат тоа да биде внесено во записникот
- должни се да покажат овластување и документ за идентификација;

Општинската изборна комисија ги евидентира лицата кои се овластени за следење на работата на општинската изборна комисија и избирачките одбори кои се во нејзина надлежност.

**ВАЖНО:** Од секоја потврдена листа на кандидати, на седница на изборниот орган може да присуствува и да ја набљудува работата само овластениот претставник или неговиот заменик.

## 2. АКРЕДИТИРАНИ НАБЉУДУВАЧИ

Изборите и изборната постапка можат да ги набљудуваат:

- домашни здруженија и странски организации, кои се регистрирани согласно закон, најмалку една година пред денот на одржување на изборите, а во чии статути е вклучено начелото на заштита на човековите права,
- меѓународни организации и
- претставници на странски земји

Набљудувачите можат да вршат набљудување дури по добивањето на овластување/акредитација од Државната изборна комисија. Секој акредитиран набљудувач е должен на себе да го има беџот за набљудувач, кој го издава Државната изборна комисија и со истиот се легитимираат.

Само акредитираните набљудувачи можат да информираат за текот на изборниот процес и активностите поврзани со неговото набљудување.

## 3. НОВИНАРИ

Домашните новинари пред изборниот орган мора да покажат документ за идентификација и акредитација издадена од неговата новинарска куќа или од Здружението на новинарите на Македонија.

Странските новинари може да ја следат работата на изборниот орган доколку имаат добиено соодветна акредитација од Државната изборна комисија.

Сите лица кои имаат овластување за набљудување на изборите се должни:

- да ги почитуваат Изборниот законик и упатствата од Државната изборна комисија кои се однесуваат на набљудувањето на изборниот процес;
- да го почитуваат Кодексот за однесување на набљудувачите;
- да се легитимираат со овластувањето и личниот документ за идентификација;
- да не се мешаат во активностите на органите кои ги спроведуваат изборите.

При уредувањето на гласачкото место, за овластените претставници и акредитираните набљудувачи мора да бидат обезбедени места за седење на позиција од која ќе имаат целосна прегледност и несметано ќе можат да го набљудуваат гласањето.

Забелешките на овластените претставници, доколку ги има, се внесуваат во записникот откако ќе биде завршено сумирањето на гласањето.Овие забелешки се основа во постапката за заштита на избирачкото право. Ако забелешките на претставниците на подносителите не се евидентирани во записникот, тие имаат право да ги достават до надлежната општинска изборна комисија во рок од пет часа по потпишувањето на записникот.

Акредитираните домашни набљудувачи доколку имаат забелешки на работата на ИО имаат право да ги евидентираат во дневникот на избирачкото место.

Доколку било кој овластен претставник, набљудувач или новинар ја попречува работата на ИО или не се придржува до упатствата дадени од Државната изборна комисија, ИО има право да побара тоа лице да го напушти гласачкото место. Доколку лицето доброволно не го напушти гласачкото место ИО треба да повика полиција која ќе го отстрани ова лице од гласачкото место.

СЕКОЕ ОТСТРАНУВАЊЕ НА ЛИЦЕ ОД ГЛАСАЧКОТО МЕСТО, ИЗБИРАЧКИОТ ОДБОР ГО ЗАБЕЛЕЖУВА ВО ДНЕВНИКОТ ЗА ЕВИДЕНЦИЈА НА НАСТАНИ !!!

**ОВЛАСТЕНИТЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ПОДНОСИТЕЛИТЕ НА ЛИСТА НЕ СМЕАТ ДА КОРИСТАТ ИЗВОД ОД ИЗБИРАЧКИОТ СПИСОК ЗА КОНТРОЛА НА ИЗБИРАЧИТЕ !!!**

# Глава IV: ИЗБОРЕН МАТЕРИЈАЛ

## 1. ВИДОВИ ИЗБОРЕН МАТЕРИЈАЛ

Изборниот материјал за избор на градоначалник на општина Сарај се состои од доверлив и недоверлив изборен материјал.

### 1.1 Доверлив изборен материјал

1) гласачки ливчиња:
2) потпишан извод од Избирачкиот список за секое гласачко место;
3) дневник за работа на ИО
4) печати со бројот на гласачкото место и
5) обрасци и записници утврдени од Државната изборна комисија и тоа:

- Записник за предавање на изборен материјал од Општинската изборна комисија Сарај на избирачкиот одбор;
- Записник за утврдена состојба на просторијата за гласање, изборниот материјал и гласачките кутии од избирачкиот одбор;
- Записник за работата и сумирањето на резултатот од гласањето на избирачкото место;
- Записник за предавање на записникот и другиот изборен материјал од ИО на ОИК;

По потреба се доставуваат следните записници:

- Записник за избирачите кои на денот на гласањето се на издржување казна затвор или се во притвор во казнено поправните домови и
- Записник за избирачите – внатрешно раселени лица.

### 1.2 Недоверлив изборен материјал

1) Гласачки кутии;
2) Средства за обележување и проверка на лицата кои гласале (УВ ламба и УВ мастило);
3) Перниче за отпечатоци;
4) Паравани за гласање;
5) Отпечатени листи на кандидати;
6) Отпечатено упатство за гласање и;
7) Друг материјал потребен за гласање.

## 2. ПРЕДАВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ МАТЕРИЈАЛ

- ❖ Државната изборна комисија целокупниот изборен

материјал за гласање и го доставува на Општинска изборна комисија Сарај најдоцна во рок од **72 часа** пред денот определен за одржување на изборите (15.12.2011 **г. 24:00 ч.)**, за што, на соодветен образец се составува записник.

- Општинска изборна комисија Сарај е должна изборниот материјал за гласањето, на избирачките одбори кои се во нејзина надлежност, да им го предаде **еден ден** пред денот определен за гласање (17.12.2011 **г. 24:00 ч.)** и за истото се составува записник. (Образец број 14-б)
- За примопредавањето на изборниот материјал, општинската изборна комисија задолжително ги известува овластените претставници на подносителите на листите, кои имаат право да дадат забелешки кои ќе бидат евидентирани во записникот. Во случај нивните забелешки да не бидат евидентирани, тие имаат право забелешките да ги достават до општинската изборна комисија во рок од 5 часа по потпишувањето на записникот.
- При предавањето на изборните материјали право на присуство имаат и овластените набљудувачи.

# ДЕЛ ВТОРИ

## Глава I: КАНДИДИРАЊЕ

### 1. ПРЕДЛАГАЊЕ НА КАНДИДАТИ

Предлагањето на кандидати за избор на градоначалник се врши со поднесување на **листа на кандидат за градоначалник** (Образец број 2/в) која овластените претставници на предлагачите ја доставуваат до Општинска изборна комисија Сарај, најдоцна 35 дена пред денот на одржувањето на изборите (12.11.2011 **г. 24:00 ч.)**.

- Листата на кандидати ја потпишува лично овластен претставник на подносителот на листата.
- Право да поднесат листа на кандидат за градоначалник имаат регистрираните политички партии самостојно, коалиции и група избирачи.
- Називот на листата се означува според името на подносителот на листата (името на политичката партија односно коалицијата). Ако подносител на листата на кандидати е група избирачи, називот на листата се означува со „група избирачи" и името и презимето на кандидатот.
- **<u>Општинската изборна комисија Сарај го утврдува субјективитетот на подносителот на листата на кандидати за избор на градоначалник врз основа на изјавата на политичките партии кои настапуваат како коалиција на изборите за градоначалник.</u>** Во вакви случаи кон листата на кандидат за градоначалник се приложуваат и:

1) изјавата за коалицирање (Образец број 4/а) и
2) потврдите за регистрација на политичките партии пред надлежен суд кои влегуваат во коалиција.

- **<u>Едно лице не смее да биде истовремено кандидат на две или повеќе листи на исти или различни подносители.</u>**
- **<u>Ист подносител не смее истовремено во една општина да поднесе листа на кандидат за избор на градоначалник самостојно и како дел од некоја коалиција.</u>**

### 2. ПРОВЕРКА НА ЛИСТАТА НА КАНДИДАТ

Општинската изборна комисија по приемот на листите на кандидати утврдува:

- дали истата е поднесена во утврдениот рок и
- дали е составена во согласност со одредбите на Законикот.

#### 2.1 Постапка за проверка на листата на кандидат

Државната изборна комисија препорачува општинската изборна комисија проверката на листите да ја врши по следниот редослед :

1) Да се утврди дека истиот подносител претходно нема поднесено друга листа на кандидат за градоначалник
2) Да се утврди дека кандидатот не е претходно кандидиран од друг подносител на листа
3) Дали листата е поднесена навремено, односно најдоцна 35 дена пред денот определен за одржување на изборите (12.11.2011 **г. 24:00 ч.)**.
4) Дали листата е поднесена на образец пропишан од Државната изборна комисија број 2/в.
5) Дали ги има прилозите пропишани со Изборниот законик (копија од потврда за регистрација на политичка партија, изјава за коалицирање за коалиција, собрани потписи на соодветен образец за група избирачи)
6) Дали на листата го има наведено името на општина Сарај
7) Дали листата содржи име и симбол на подносителот на листата (ако го има)
   **ВАЖНО:** Општинската изборна комисија задолжително стапува во контакт со овластениот претставник на подносителот на листата и бара да му биде доставена електронска верзија од симболот, во *jpg формат (ако го има). Електронската верзија од симболот (ако го има) овластениот подносител на листата на кандидат/ кандидати го доставува и до Државната изборна комисија.
8) Дали листата на кандидат за градоначалник на општината има само еден кандидат
9) Дали за кандидатот за градоначалник има наведено име и презиме, неговото постојано живеалиште, професија и единствен матичен број на граѓанинот
   **ВАЖНО:** Во прилог за секој кандидат треба да биде доставена копија од важечка лична карта за да може општинската изборна комисија со сигурност да го

утврди идентитетот на кандидатот, неговото име и презиме, живеалиштето и ЕМБГ

10) Дали кандидатот за градоначалник има постојано живеалиште во општина Сарај
11) Дали за секој кандидат од листите има во прилог
    a. Писмена согласност (изјава) за прифаќање на кандидатурата – Образец број 3/б, која е своерачно потпишана (не е потребно да биде заверена на нотар)
    b. Писмена изјава дека кандидатот не соработувал со органите на државната безбедност, заверена кај нотар.
12) Дали кај кандидатот настапиле условите што го прават неподобен за да биде избран за градоначалник на општината.

Веднаш по приемот на листата Општинската изборна комисија Сарај доставува до Државната изборна комисија копија од листата (по факс или скенирана, на e-mail). Државната изборна комисија веднаш ја доставува копијата од листата до Министерството за внатрешни работи кое ја врши проверката на листата.

Извештајот од проверката во запечатен плик адресиран до Општинска изборна комисија Сарај, Министерството за внатрешни работи го доставува до Државната изборна комисија. Претседателот или член овластен од општинската изборна комисија ќе бидат повикани во Државната изборна комисија да го подигнат запечатениот плик.

Извештаите од Министерството за внатрешни работи **се доверливи** и се забранува нивно копирање или изнесување надвор од седиштето на Општинската изборна комисија Сарај. Извештаите од Министерството за внатрешни работи се разгледуваат на затворена седница на општинската изборна комисија на која не присуствуваат замениците, овластените претставници, набљудувачите или новинарите.

Пред одржувањето на вториот круг на гласање, Општинската изборна комисија Сарај е должна да ги врати извештаите до Државната изборна комисија.

**УШТЕ ЕДНАШ ПРОВЕРЕТЕ ДАЛИ ЛИСТАТА СОДРЖИ:**

-Образец број 2/в листа на кандидати;
-Образец број 3/б писмена изјава за прифаќање на кандидатура;
-потврда за регистрација од надлежниот суд (за политички партии и коалиции, за секоја политичка партија посебно);
-писмена изјава заверена кај нотар дека кандидатот не соработувал со органите за државна безбедност;
-фотокопија од важечка лична карта или патна исправа;
-се доставува и симбол (доколку го има) во електронска форма.

Кога подносител на листа е **коалиција**, задолжително се доставува изјава за настапување како коалиција Образец број 4/а.

Кога подносител на листа е **група избирачи**, кон Образецот број 2/в задолжително се доставува и Образец број 1/в за собраните потписи од избирачите.

ЗАБЕЛЕШКА: Проверка за неосудуваност со правосилна судска одлука на безусловна казна затвор над 6 месеци ќе врши општинската изборна комисија во соработка со Државната изборна комисија преку Министерството за внатрешни работи.

## 3. ПОТВРДУВАЊЕ НА ЛИСТАТА НА КАНДИДАТ

Ако општинската изборна комисија утврди дека листата е поднесена ненавремено **ПОДНЕСЕНАТА ЛИСТА ЌЕ ЈА ОТФРЛИ СО РЕШЕНИЕ ВО РОК ОД 24 ЧАСА ОД ПРИЕМОТ НА ЛИСТАТА** (Образец број 7/б).

Ако општинската изборна комисија утврди дека листата е поднесена во определениот рок и е составена во согласност со одредбите на Изборниот законик, **ПОДНЕСЕНАТА ЛИСТА ЌЕ ЈА ПОТВРДИ СО РЕШЕНИЕ** (Образец број 6/б) веднаш а најдоцна во рок од 48 часа од приемот.

Ако општинската изборна комисија утврди дека во листата има одделни неправилности, веднаш ќе го повика овластениот претставник на подносителот на листата, да ги отстранат неправилностите во рок од 48 часа од приемот на листите (Образец број 5/б).

1. Ако општинската изборна комисија утврди дека констатираните неправилности или пропусти, подносителите на листата ги отстраниле во определениот рок **ПОДНЕСЕНАТА ЛИСТА ЌЕ ЈА ПОТВРДИ СО РЕШЕНИЕ** веднаш а најдоцна во рок од 48 часа од приемот.
2. Ако општинската изборна комисија утврди дека констатираните неправилности или пропусти не се отстранети во предвидениот рок од 48 часа од приемот на листата **ПОДНЕСЕНАТА ЛИСТА ЌЕ ЈА ОТФРЛИ СО РЕШЕНИЕ** ВО РОК ОД 24 ЧАСА.

Против решението на општинската изборна комисија може да се поднесе тужба до Управниот суд во рок од 24 часа од приемот на решението. Управниот суд е должен да донесе одлука во рок од 24 часа од приемот на тужбата. Доставување на приговор и тужба по пошта не е дозволено.

## 4. ОТВОРАЊЕ НА ЖИРО-СМЕТКА НА ОРГАНИЗАТОРОТ НА ИЗБОРНА КАМПАЊА

Организаторот на изборната кампања, во банка во Република Македонија, задолжително отвора жиро-сметка со назнака - **"за изборна кампања"**, **во рок од 48 часа** по потврдувањето на листата на кандидат. За таа цел, Општинска изборна комисија Сарај на организаторот на изборна кампања му издава потврда за поднесена листа на кандидат за градоначалник од овластен подносител. Во истиот рок од 48 часа, доказот за отворена жиро-сметка се доставува до општинската изборна комисија.

Ако организаторот на изборната кампања не отвори жиро-сметка во предвидениот рок потврдената листа за кандидати **се поништува со решение** од општинската изборна комисија.

Кога подносител на листа на кандидат **е политичка партија или коалиција,** истите како организатор на изборна кампања отвораат една жиро-сметка за цела територија на Република Македонија.

Кога организатор на изборната кампања **е група избирачи**, потписник на жиро-сметката е овластениот претставник на подносителот на листата.

## 5. УТВРДУВАЊЕ НА РЕДОСЛЕДОТ НА ЛИСТИТЕ НА КАНДИДАТ ВО ГЛАСАЧКОТО ЛИВЧЕ

Редоследот на кандидатите за градоначалник Општинска изборна комисија Сарај го утврдува со ждрепка. ОИК Сарај ждрепката треба да ја одржи на 21.11.2011 **година**.
За одржаната ждрепка Општинската изборна комисија составува записник (Образец број 9/б).
Општинската изборна комисија Сарај:

- утврдениот редослед на потврдените единствени листи на кандидати односно листа на кандидат и симболите во електронска форма (ако ги има) <u>веднаш ги доставува</u> до Државната изборна комисија.
- утврдените единствени листи на кандидати за градоначалник, <u>ќе ги огласи</u> најдоцна 25 дена пред денот определен за одржување на изборите (22.11.2011 **г. 24:00 ч.)** во сите населени места и на избирачките места во општината (Образец број 10/б).

Во општините во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, утврдените листи на кандидати се објавуваат покрај на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на службениот јазик и писмо што го употребуваат граѓаните во таа општина.
**ВАЖНО:** Општинска изборна комисија Сарај, задолжително претходно ги известува овластените претставници на подносителите на листите за денот, часот и местото кога ќе се изврши ждрепката.

Известувањето ОИК Сарај треба да го достави најдоцна до 20.11.2011 **г., 24:00 ч**.

## Глава II: АКТИВНОСТИ НА ИЗБОРНИТЕ ОРГАНИ ДЕН ПРЕД ОДРЖУВАЊЕТО НА ИЗБОРИТЕ

### 1. ДОСТАВУВАЊЕ НА ИЗБОРНИТЕ МАТЕРИЈАЛИ ОД ОИК НА ИО

Општинската изборна комисија го доставува изборниот материјал до ИО еден ден пред денот на изборите (17.12.2011 **г.)**. Гласачкото место, членовите на ИО и сите лица присутни на приемот на изборните материјали се обезбедуваат од припадниците на полицијата за време на приемот на материјалите.

### 2. ПРОВЕРКА НА ГЛАСАЧКИТЕ ЛИВЧИЊА

Гласачкото ливче се состои од дел за гласање и дел кој останува на кочанот.
Секој ИО добива онолку гласачки ливчиња колку што има избирачи на изводот на избирачкиот список за тоа гласачко место.

**<u>НАПОМЕНА</u>: УВЕРЕТЕ СЕ ДЕКА ГО ИМАТЕ ТОЧНИОТ БРОЈ НА ГЛАСАЧКИ ЛИВЧИЊА !!!**
***Пример:*** ако во избирачкиот список има 535 избирачи, тогаш треба да добиете 535 гласачки ливчиња).
Ако серискиот број на првото ливче е 1 501, а на последното 2 035, тогаш имате 535 гласачки ливчиња
(2 035 – 1 501 + 1 = 535).

**<u>НАПОМЕНА</u>: Доколку недостасуваат гласачки ливчиња од кочанот, проверете ја корицата на кочанот!**
**На корицата е забележана причината поради која тие се скинати пред доставувањето до Општинската изборна комисија (избирачи од конкретното избирачко место кои ќе гласаат во КПУ).**

### 3. УРЕДУВАЊЕ НА ГЛАСАЧКОТО МЕСТО

- Во просторијата во која се врши гласањето се истакнува описот на избирачкото место.
- ИО го поставува знакот за гласачкото место пред избирачкото место
- Редниот број на избирачкото место се истакнува на објектот во кој се врши гласањето, а доколку во еден објект се врши гласање во две или повеќе избирачки места, нивниот реден број се означува и на секоја просторија што е определена за гласање.
- Гласачките паравани се поставуваат така што да не може да се види како избирачот го пополнува гласачкото ливче
- ИО ги распоредува масите и клупите на кои ќе седат членовите на ИО во текот на гласањето, како и

останатите лица кои се овластени да го набљудуваат гласањето во гласачкото место, на начин што обезбедува несметано реализирање на сите фази во процесот на гласање. Местата определени за овластените претставници на подносителите на листи на кандидати и овластените набљудувачи треба да бидат поставени на начин што ќе можат од непосредна близина да го следат утврдувањето на идентитетот на лицето што гласа.

- ❖ИО ги отстранува сите пропагандни материјали (постери, летоци и сл.) од просторијата каде е сместено гласачкото место како и во блиската околина (во радиус од 100 метри) на гласачкото место
- ❖ИО го поставува упатството за гласање на место кое им овозможува на сите гласачи кои дошле да гласаат во тоа избирачко место да го прочитаат
- ❖ИО ги истакнува листите на кандидати
- ❖ИО се договара за тоа каква улога ќе има секој од членовите на денот на изборите - поделбата на улогите
- ❖ИО пред да го напушти гласачкото место се уверува дека сите доверливи материјали се ставени на сигурно место. **ПРЕДЛОГ:** Доверливите материјали може да се стават во големата проsирна пластична вреќа за доставување на доверливи материјали, истата да се затвори и да се стави во гласачка кутија, која потоа ќе се запечати со нумерирана сигурносна пластична лента. Бројот на нумерираната сигурносна пластична лента да се внесе во Дневникот.

## 4. ГЛАСАЊЕ НА ИЗБИРАЧИ КОИ СПОРЕД ЗАКОНОТ ГЛАСААТ ДЕН ПРЕД ИЗБОРИТЕ

Некои ИО ќе имаат дополнителни обврски еден ден пред денот на изборите. Тука спаѓа гласањето на избирачите кои од разни оправдани причини не се во можност да гласаат во нивните гласачки места на денот на изборите па **гласаат еден ден пред денот на изборите**. Тие категории гласачи се утврдени со ИЗ:

4.1. **Немоќни или болни лица**

Под немоќно или болно лице се подразбира лицето кое не е во можност да ги врши основните животни потреби (не е во можност да се движи во станот ниту со користење на соодветни помагала, да одржува основна лична хигиена, да се облекува, да зема храна, ниту да врши други дејства за задоволување на основните животни потреби), односно лицето е неподвижно, потполно слепо, заболено од дистрофија или сродни мускулни или нервномускуларни заболувања, церебрална или детска парализа или параплегија.

- Немоќното или болното лице кое не е во можност да гласа на гласачкото место а сака да гласа, за тоа **ќе ја извести** Општинска изборна комисија Сарај најдоцна **три дена** пред денот определен за гласање (14.12.2011 **г., 24:00 ч.)** при што известувањето може да го даде и преку полномошник.

  Покрај известувањето, до Општинската изборна комисија треба да се достави **и медицински доказ** (уверение од матичен лекар, здравствена установа, извештај од специјалист, конзилијарно мислење, решение дека е корисник на туѓа нега од трето лице и друг доказ) за здравствената состојба на лицето. Гласањето ќе го спроведе Избирачкиот одбор каде лицето е запишано во изводот од избирачкиот список за соодветното избирачко место.

- ОИК Сарај ќе состави список на сите уредно пријавени болни или немоќни лица и примерок од истиот ќе достави до Државната изборна комисија.
- **Општинската изборна комисија ќе му достави листа на болни лица на ИО.**
- **Само лицата кои се наоѓаат на листата ќе можат да гласаат еден ден пред денот на изборите!**
- Немоќните или болни лица ќе гласаат на начин што Општинската изборна комисија ќе подготви изборен материјал и навреме ќе го достави до надлежниот ИО (плико адресирано на име на немоќното или болно лице со гласачко ливче и празно плико на кое е наведен бројот на гласачкото место).
- Пред започнување на гласањето на болните и немоќни лица, избирачкиот одбор од кочанот откинува онолку гласачки ливчиња колку што има евидентирано болни и немоќни лица за соодветното избирачко место, а кочанот не смее да го носи со себе на гласањето.
- **При спроведување на гласањето на болните и немоќните лица, избирачкиот одбор ја користи гласачката кутија која му е предадена од општинската изборна комисија за ова гласање и истата ќе ја користи и на денот на изборите. Гласачката кутија избирачкиот одбор ја носи во домот каде што се наоѓа избирачот.**
- Капакот на гласачката кутија за гласањето на болните и немоќните лица, мора да биде запечатен со нумерирани сигурносни пластични ленти од двете страни, пред да започне гласањето.
- Гласачкото ливче, болното и немоќното лице по завршеното гласање го превиткува, го става во посебен плик, го залепува и така залепен го пушта во гласачката кутија.
- По завршеното гласање, пликовите со гласачките ливчиња остануваат во гласачката кутија а отворот на капакот од гласачката кутија се запечатува со нумерирана сигурносна пластична лента.

- Доколку по завршувањето на гласањето на болните и немоќни лица останат неупотребени гласачки ливчиња,истите не смеат да се користат за гласање на денот на изборите, на нив им се откинува десниот долен агол и се чуваат во посебен плик. При сумирањето на резултатите неупотребените ливчиња се евидентираат заедно со останатите неупотребени ливчиња од гласањето на денот на изборите.

- **На денот на изборите, пред почетокот на гласањето, гласачката кутија се отвара, се вадат пликовите и поединечно се отвораат, гласачките ливчиња се ставаат во испразнетата гласачка кутија без да се види за кого е гласано. На крајот, гласачката кутија се запечатува со нумерирани сигурносни пластични ленти од двете страни на капакот.**

- Избирачкиот одбор не смее да им дозволи да гласаат на денот на изборите на оние болни и немоќни лица кои претходниот ден одбиле да гласаат или пак не биле најдени во својот дом.

- Избирачкиот одбор кој го спроведува гласањето за болни и немоќни лица е должен да води евиденција за тоа кој од евидентираните болни и немоќни лица одбил да гласа односно не бил најден дома. Оваа евиденција избирачкиот одбор ја приложува кон изводот од избирачкиот список на кој се гласа.
- При спроведување на ова гласање ИО задолжително го носи изводот од избирачкиот список во кој мора да се потпишат болните и немоќните лица кои гласаат!

- Бројот на немоќни или болни лица кои гласале ИО го внесува во записникот за сумирање на резултати за избор на градоначалник на општина од избирачкото место (Образец број 16/б) и тоа после завршувањето на гласањето, во текот на постапката за сумирање и утврдување на резултатите од конкретното гласачко место.

- Во случај гласачки ливчиња за гласање на болни или немоќни лица да останале неупотребени, ИО ќе ги попише и ќе ги појасни причините за тоа.

### 4.2. Лица кои на денот на гласањето се наоѓаат на издржување казна затвор или се во притвор

- Лицата кои на денот на гласањето се наоѓаат на издржување казна затвор или се во притвор гласаат во казнено поправните домови.
- Општинската изборна комисија Сарај е должна по добивањето на списоците за избирачите кои се наоѓаат на издржување казна затвор или се во притвор, веднаш да ги достави до казнено-поправните домови каде што избирачите се на издржување казна затвор или се во притвор.
- ИО надлежен за гласањето мора да постави привремено гласачко место во казнено поправниот дом.

За овие категории избирачи кои на денот на гласањето не се во можност да гласаат во нивните избирачки места и гласаат еден ден пред денот определен за избори:
- изборите ги спроведува ИО од најблиското избирачкото место
- за гласањето се известуваат и претставниците на подносителите на листите заради нивно присуство на гласањето
- гласачкото место треба да се отвори во 07:00 а гласањето трае до 19:00 часот односно додека не гласале сите избирачи со право на глас.

ПОСТАПКАТА ЗА ГЛАСАЊЕ на избирачите кои се наоѓаат во затвор или притвор во основа е следната:

- ❖на избирачот во процесот на гласање му се дава празен плик на кој е наведена општината од каде доаѓа избирачот и гласачко ливче на кое е ставен печат на предната страна
- ❖избирачот по извршеното гласање го превиткува гласачкото ливче на начин од кој не може да се види за кого е гласано, го носи гласачкото ливче до гласачката кутија, избирачот го става гласачкото ливче во претходно добиениот празен плик, го затвара пликот и го пушта во гласачката кутија
- ❖Посебен записник од гласањето по листа на кандидат за избор на градоначалник на општина за избирачите кои се на издржување на казна затвор или се во притвор во казнено поправен дом (Образец број 18-б)
- ❖Записниците и изборниот материјал (гласачките ливчиња, изводот од единствениот список и др.) по завршувањето на гласањето се ставаат во посебни пликови, кои се запечатуваат и на крај се става лепенка. По завршеното гласање и правилно селектиран и спакуван изборен материјал, ИО целокупниот изборен материјал (селектиран по општини) го доставува до општинската изборна комисија.
- ❖Општинската изборна комисија, чиј ИО го спровел гласањето, добиените пликови ги доставува до соодветните општински изборни комисии на начин утврден од страна на ДИК.
- ❖ИО на избирачкото место каде по правило би требало да гласаат овие лица ги враќа залепените пликови во гласачката кутија, истата ја запечатува и заедно со останатиот изборен материјал ги остава на сигурно место во просторијата каде наредниот ден треба да се одвива гласањето.
- ❖**<u>Пликовите не се отвораат и нивните гласови не се сумираат веднаш туку тоа се прави заедно со гласачките ливчиња од гласањето на денот на изборите.</u>**

- ❖**Гласачките ливчиња во запечатени пликови ОИК Сарај ќе ги добие по брза пошта на денот на изборите (18.12.2011 г.)**
- ❖**Овие гласови ги сумира ОИК Сарај и ги внесува во крајните резултати од изборите за градоначалник (Образец број 21/б)**

## Глава III АКТИВНОСТИ НА ИЗБОРНИТЕ ОРГАНИ НА ДЕНОТ НА ИЗБОРИТЕ

### 1. ОПШТИНСКАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА И ИЗБИРАЧКИОТ ОДБОР НА ДЕНОТ НА ИЗБОРИТЕ

**Општинската изборна комисија** е должна да обезбеди сите гласачки места кои се во нејзина надлежност да бидат отворени за гласање во 07.00 часот на денот определен за гласање (18.12.2011 **г.**). За ова, општинската изборна комисија задолжително доставува известување до Државната изборна комисија во кое се наведуваат гласачките места кои не биле отворени во 07.00 часот како и причините поради кои овие места не биле отворени и мерките кои се преземени со цел отстранување на неправилностите.

**Избирачкиот одбор**:

- се состанува најмалку еден час пред почетокот на гласањето
- ја отвора просторијата, врши увид и констатира дали просторијата, изборниот материјал и гласачката кутија се во истата состојба во која биле оставени. Затекнатата состојба се внесува во Записникот (Образец број 15). Проверката се врши во присуство на полицијата или лице надлежно за обезбедување на објектот во кој е сместено гласачкото место.
- Претседателот и членовите на ИО мора да бидат присутни на гласачкото место при отворањето и затворањето на гласачкото место како и при сумирањето на резултатите од гласањето
- Пред започнување на гласањето:

1) се покажува празната гласачка кутија на сите членови на ИО и присутните овластени претставници на подносители на листа на кандидати, набљудувачи и новинари и истата се поставува така што ќе можат да ја гледаат сите членови на ИО, овластените претставници на подносителите на листите и набљудувачите
2) се покажуваат броевите на двете нумерирани сигурносни пластични ленти со кои ќе се запечати гласачката кутија
3) доколку избирачкиот одбор претходниот ден спровел гласање во домовите на болни и немоќни лица, пред да се запечати кутијата, се отвораат залепените пликови со гласачки ливчиња од овие гласачи, и без да може да се види за кого е гласано истите се ставаат во празната гласачка кутија
4) се протнуваат сигурносните пластични ленти низ страничните дупки од капакот на гласачката кутија, цврсто се затегнуваат (со тоа се запечатува гласачката кутија)
5) се внесуваат броевите на нумерираните сигурносни пластични ленти во дневникот, на лепенката се пишува бројот на гласачкото место и се лепи на една од страните на запечатената гласачка кутија

- Избирачкиот одбор го отвора гласачкото место во 7:00 часот. Времето на отворањето на гласачкото место се внесува во записникот. Гласањето, по правило, се одвива без прекин во периодот од 07:00 до 19:00 часот на денот определен за гласање.

### 2. ПОСТАПКА ЗА ГЛАСАЊЕ

Гласањето се врши лично на гласачките места во општина Сарај при што избирачите пристапуваат да гласаат еден по еден.

Процесот на гласање може да го поделиме во повеќе фази кои, прикажани сликовито, се одвиваат по следниот редослед:





Еден член на избирачкиот одбор со ултравиолетова ламба ке го провери ноктот на десниот палец на гласачот за да се увери дека нема траги од невидливо мастило

**<u>ЧЕКОР 1</u>**: Откако избирачот ќе влезе во гласачкото место, член на ИО ја вклучува УВ ламбата и со неа поминува преку целиот десен палец за да провери дали претходно гласал.

Доколку на палецот има мастило, на избирачот не му се дозволува да гласа и се замолува да го напушти гласачкото место.





Идентитетот на гласачот единствено се утврдува со важечка лична карта и важечки пасош

**<u>ЧЕКОР 2</u>**: Ако со претходниот чекор се потврди дека избирачот гласа првпат – се преминува на утврдување на неговиот личен идентитет. (чл.108 од ИЗ)

- Избирачите можат да го докажат својот личен идентитет со еден од следниве два документи: лична карта или патна исправа (пасош)
- Личниот идентитет на избирачот се докажува и со лична карта или патна исправа со изминат рок на важење доколку податоците во нив се идентични со податоците во изводот од Избирачкиот список.
- **<u>НАПОМЕНА:</u>** НИКАКВИ ДРУГИ ДОКУМЕНТИ НЕ СМЕАТ ДА СЕ ПРИФАТАТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ИДЕНТИТЕТОТ НА ИЗБИРАЧОТ (возачка дозвола, здравствена книшка, ученичка и студентска легитимација, ученичка книшка, индекс и сл.)
- Документот за идентификација му се враќа на избирачот кога тој ќе заврши со гласањето.
- **<u>НАПОМЕНА:</u> ГЛАСАЊЕТО ЗА ДРУГО ЛИЦЕ Е ЗАБРАНЕТО!!! ИСКЛУЧОК ПРЕТСТАВУВА ГЛАСАЊЕТО НА ИЗБИРАЧ КОЈ ИМА ФИЗИЧКИ НЕДОСТАТОК ИЛИ Е НЕПИСМЕН!!! (Види Дел втори, Глава 3, точка 3)**
- Доколку овластен претставник на подносител на листа на кандидати или член на избирачкиот одбор се сомневаат во идентитетот на избирачот на кој му е или не му е дадено гласачко ливче, евидентирајте го настанот во дневникот.Забелешката треба да ги содржи следниве податоци:

- име и својство на лицето кое приговара
- причини за приговорот
- име и лични податоци на избирачот
- причини зошто на избирачот му е или не му е дадено гласачко ливче




**<u>ЧЕКОР 3</u>***:* По утврдувањето на идентитетот на избирачот, се проверува дали тој се наоѓа во изводот од Избирачкиот список.

**Доколку избирачот <u>се наоѓа</u> во изводот од Избирачкиот список:**

- се заокружува редниот број пред неговото име и
- му се дава да се потпише во списокот во графата до неговото име.

Доколку избирачот, кој се наоѓа во избирачкиот список, <u>е неписмен или има физички недостаток</u>, тогаш тој ќе стави отпечаток од десниот показалец на местото резервирано за потпис. За оваа цел се користи перниче за отпечатоци. Ако избирачот нема десен показалец тој ќе стави отпечаток од неговиот лев показалец, а доколку нема ни лев показалец не се става отпечаток.

**Доколку избирачот <u>не се наоѓа</u> на избирачкиот список**, тогаш тој нема да може да гласа на тоа гласачко место. Во ваков случај членовите на ИО треба:

- да го упатат избирачот во подрачното одделение на ДИК - Карпош каде што, според неговите документи за идентификација, е заведено неговото живеалиште, или
- да го упатат избирачот да ја посети WEB страната <u>www.izbirackispisok.gov.mk</u> на која може да се провери дали избирачот воопшто е запишан во избирачкиот список, и ако е, тогаш во кое избирачко место треба да гласа




**<u>ЧЕКОР 4</u>**: По потпишувањето на избирачот во избирачкиот список се вршат неколку дејствија по следниот редослед :

- од блокот со гласачки ливчиња <u>се откинува едно гласачко ливче</u> (гласачкото ливче физички се одделува од кочанот, кој останува на блокот)
- на гласачкото ливче <u>му се става печат на предната страна</u>
- гласачкото ливче <u>му се дава</u> на гласачот
- на гласачот **<u>му се објаснува техниката на гласање</u>** така што еден од членовите на ИО, задолжен за тоа му објаснува на гласачот дека:
  - се гласа позади параванот за гласање, со заокружување на редниот број пред подносителот на листата на кандидати за којашто сака да гласа и тоа исклучиво со хемиско пенкало во сина боја
  - се свиткува гласачкото ливче така што никој да не може да види за кого гласал
  - гласачот се упатува кон гласачката кутија и го пушта гласачкото ливче
  - си го зема документот за лична идентификација и
  - го напушта гласачкото место.



Ноктот на гласачот треба да се обележи со невидливо мастило

**<u>ЧЕКОР 5:</u>** Откако на избирачот ќе му се даде гласачко ливче, на неговиот десен палец се става **спреј од УВ мастило**. Доколку избирачот нема десен палец, обележувањето се врши на палецот на левата рака, а доколку избирачот нема палец на двете раце, не се врши обележување. За правилно да го обележите палецот со мастило, испрскајте го мастилото врз нокотот на десниот палец. Осигурете се дека мастилото е испрскано и врз нокотот и врз дел од кожата.



Гласањето се врши зад гласачките паравани

**<u>ЧЕКОР 6</u>**: Избирачот се упатува кон гласачките паравани за да гласа.

ПРЕПОРАКА:

- Еден од членовите на ИО ќе се погрижи за тоа да има само едно лице зад гласачкиот параван, освен во случаите кога на гласачот му е потребна помош.
- Еден од членовите на избирачкиот одбор исто така ќе треба да ги проверува гласачките паравани од време на време за да се осигури дека никој нема оставено пропаганден материјал или забелешки со името на некој од подносителите на листи на кандидати




## 3. ГЛАСАЊЕ НА ИЗБИРАЧИ НА КОИ ИМ Е ПОТРЕБНА ПОМОШ

- ❖ Избирачот кој има физички недостаток или е неписмен и поради тоа не може да гласа на начин утврден со законикот, има право со себе да донесе лице кое ќе му помогне при гласањето.
- ❖ Ако избирачот не доведе со себе лице кое ќе му помогне при гласањето, тогаш ИО ќе определи друго лице од редот на присутните избирачи на гласачкото место. Значи, ова лице во никој случај не смее да биде од редот на членовите на избирачкиот одбор, овластените претставници на подносителите на листи или набљудувачите.
- ❖ Пред да гласа, ИО на лицето кое дава помош ќе му укаже дека со неговата помош не треба да влијае врз одлуката на избирачот.
- ❖ Избирачот и лицето кое му помага заеднички пристапуваат зад параванот за гласање. (Гласањето и во овој случај задолжително се врши позади параванот).
- ❖ Гласањето на овој начин, избирачкиот одбор го внесува во записникот и Дневникот при што се внесуваат податоците од личната карта на лицето кое помага и на забелешката се потпишуваат сите членови на ИО.

  НАПОМЕНА: Едно исто лице може да даде помош само на двајца избирачи кои не се во состојба да гласаат.

## 4. ЗАТВОРАЊЕ НА ГЛАСАЧКОТО МЕСТО

❖ На избирачите кои во 19:00 часот се затекнале во објектот во кој се гласа, ИО ќе им овозможи да гласаат.

- ❖ Во 19:00 часот претседателот ќе определи еден член на ИО кој ќе застане на крај на редот од избирачите кои се затекнале во објектот.

<u>**ЧЕКОР 7:**</u> Избирачите ги ставаат своите гласачки ливчиња во гласачката кутија. При тоа еден од членовите на избирачкиот одбор треба да биде во близина за да се осигури дека избирачите ги ставаат своите гласачки ливчиња превиткани во гласачката кутија за да се осигури тајноста на нивното гласање.
**НАПОМЕНА:** НЕ СМЕЕ ДА СЕ ДОЗВОЛИ ГЛАСАЧОТ ДА ГО НАПУШТИ ГЛАСАЧКОТО МЕСТО БЕЗ ДА ГО ОСТАВИ ГЛАСАЧКОТО ЛИВЧЕ ВО ГЛАСАЧКАТА КУТИЈА !!! Во случај ког гласачот кој добил гласачко ливче одбива да го стави гласачкото ливче во гласачката кутија, за истото веднаш се повикува полицијата!!!

По завршеното гласање, еден од членовите на ИО ја враќа личната карта или патната исправа.

- ❖ Кога и последниот избирач од редот ќе гласа, само овластените лица можат да останат на гласачкото место.
- ❖ Овластени лица на гласачкото место покрај членовите на ИО и лицата кои имаат овластување за набљудување на предвремените избори за градоначалник на општина Сарај се и:
  - претседателот, членовите и нивните заменици на општинска изборна комисија Сарај и
  - претседателот, заменик на претседателот и членовите на Државната изборна комисија.
- ❖ Доколку гласањето било прекинато повеќе од еден час, тоа ќе биде продолжено за онолку време колку што траел прекинот, но не подолго од три часа. Ако, заради нарушување на редот и мирот на гласачкото место, гласањето е прекинато повеќе од три часа, гласањето во тоа гласачко место ќе се повтори.

## 5. СУМИРАЊЕ И УТВРДУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ГЛАСАЊЕТО НА ИЗБИРАЧКОТО МЕСТО

ИО по завршувањето на гласањето прво ги сумира резултатите од гласањето за градоначалник на општина Сарај а потоа составува записник за гласање, сумирање и утврдување на резултатите (Образец број 16-б) во кој ги внесува сумираните резултати.

Откако и последниот гласач ќе гласа, ИО постапува на следниот начин:

### 5.1 Порамнување на гласачките ливчиња

1) **Се определува вкупниот број на избирачи што гласале** преку пребројување на потписите и отпечатоците од прст во изводот од Избирачкиот список за соодветното гласачко место. Овој број се внесува во записникот (Образец број 16-б)
2) **Се пребројуваат неупотребените гласачки ливчиња**. Од вкупниот број на гласачки ливчиња доставени за тоа гласачко место се одзема бројот на

неупотребените гласачки ливчиња. Резултатот од оваа операција ни го дава бројот на искористените (употребени) гласачки ливчиња во процесот на гласањето. Овој број се запишува во записникот. **Бројот на употребените гласачки ливчиња треба да е еднаков со бројот на избирачите кои гласале.** Доколку овие броеви не се еднакви, избирачкиот одбор треба да го внесе тоа во записникот (Образец број 16-б) и дневникот и за тоа да ја извести општинската изборна комисија.

3) На неупотребените гласачки ливчиња им се откинува долниот десен агол и се ставаат во посебен плик кој се затвора, запечатува и врз него се лепи налепница на која се запишува бројот на избирачкото место, вкупниот број на неупотребените ливчиња и сериските броеви на првото и последното неупотребено гласачко ливче.

### 5.2 Отворање на гласачката кутија

1) Претседателот на ИО проверува дали броевите на сигурносните пластични ленти на кутијата за гласање се истите со кои е запечатена гласачката кутија при отворањето на гласачкото место и истите им ги прикажува на сите присутни на избирачкото место. Доколку нивните броевите се совпаѓаат, тоа се внесува во дневникот. Во спротивно, ИО тоа го внесува во записникот и за тоа ја известува ОИК Сарај.
2) Следен чекор е отворањето на гласачката кутија

### 5.3 Броење на гласовите

1) Откако кутијата е отворена, со ждрепка се определува еден член од ИО кој едно по едно ќе ги вади гласачките ливчиња од кутијата и отворени ќе му ги предава на претседателот на избирачкиот одбор.
2) Претседателот на ИО го покажува ливчето на сите присутни.
3) ИО утврдува дали гласачкото ливче е важечко или не и за која листа е гласано.
4) Дадениот глас се регистрира а гласачкото ливче се става на соодветното место за таа листа.
5) Постапката се повторува се додека сите гласачки ливчиња не бидат извадени од гласачката кутија.
6) Кога сите гласачки ливчиња се извадени од кутијата и истите се подредени (секое ливче е во купчето на соодветната листа на кандидати), се пребројуваат гласачките ливчиња од секое подредено купче, а <u>резултатите се внесуваат во записникот</u>. (Образец број 16-б)

- ИО составува записник за работа и за сумирање на резултатите на единствен образец пропишан и потврден со печат од Државната изборна комисија и заедно со изборниот материјал го доставува до Општинската изборна комисија.
- Записникот содржи посебен табеларен дел за сумирањето и утврдувањето на резултатите од избирачкото место.
- Во случаите на **ГРЕШКА ПРИ ПОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАПИСНИКОТ** избирачкиот одбор:
  1) со пенкало го прецртува зборот, односно бројот што е грешен, со тоа што тој и понатаму останува читлив
  2) со пенкало се пополнува точниот податок
  3) покрај исправката се става печат на избирачкиот одбор
  4) ова се забележува во записникот, во делот за забелешки, со тоа што точно се наведува кој збор/број е прецртан и со кој збор се заменува.
- По потпишувањето на оригиналниот записник, овластените претставници на подносителите на листата на кандидат добиваат карбонизиран записник, додека акредитираните набљудувачи добиваат копија од табеларниот дел на записникот.

### 5.4 Важечко и неважечко гласачко ливче

**<u>Важечко гласачко ливче:</u>**

Гласачкото ливче е важечко ако е во согласност со член 110 од Изборниот законик.

За важечко гласачко ливче се смета и она гласачко ливче од кое на сигурен и недвосмислен начин може да се утврди за која листа на кандидати избирачот гласал.

При утврдувањето на тоа што претставува „сигурен и недвосмислен начин„ треба да се појде од тоа на кој начин е пополнето гласачкото ливче, односно дали избирачот јасно ја изразил волјата дека гласал само за една листа на кандидати или кандидат.

Сигурен и недвосмислен начин на изразување на волјата на избирачите би претставувало гласачко ливче на кое избирачот, наместо редниот број пред подносителот на листата, го заокружил името и презимето на носителот на листата или симболот на подносителот на листата или го заокружил, обележал или на друг соодветен начин се определил за подносителот на листата доколку обележувањето е во рамките на една листа на кандидати или кандидат.

**<u>Гласачкото ливче е неважечко:</u>**

- **ако не е пополнето или има заокружено повеќе листи на кандидат**
- **ако е прецртано делумно или целосно,**
- **ако бројот на гласачкото ливче не е соодветен на бројот на гласачкото место каде се гласа**
- **ако нема печат на предната страна**
- **ако е заокружено, односно пополнето со фломастер во која било боја**
- **ако е заокружено, односно пополнето со хемиско пенкало во која било друга боја, освен сина**
- **ако е непополнето**

**ВАЖНО:** Доколку при пребројувањето на гласовите, ИО утврди дека гласачкото ливче е **НЕПОПОЛНЕТО**, односно празно, <u>ова гласачко ливче е должен да го</u>

стави во купот на неважечки гласачки ливчиња, а по пребројувањето на сите гласачки ливчиња истото го прецртува по целата должина.

**Сите неважечки гласачки ливчиња се ставаат во посебен плик** на кој пишува ,,неважечки ливчиња". Доколку гласачкото ливче се смета за неважечко а некој овластен претставник или член на ИО усно приговори на тоа, одборот гласа и одлучува во врска со оваа забелешка која се забележува во записникот. Претседателот, на задната страна на гласачкото ливче, го запишува бројот кој го означува релевантниот број во записникот каде што се укажани деталите во врска со одлуката и приговорот. Доколку и понатаму има приговори, секој член или претставник може да го внесе својот приговор во записникот.

## 6. ПАКУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛИТЕ ОД ГЛАСАЊЕТО И ДОСТАВУВАЊЕ ДО ОИК

### 6.1 Пакување

По сумирањето на резултатите од гласањето и комплетирањето на записниците за сумирање на резултатите (Образец број 16-б), избирачкиот одбор **го пакува** изборниот материјал за да го достави до општинската изборна комисија на следниот начин:

1) оригиналниот записник од сумирањето на резултатите (Образец број 16-б) се пакува во посебен плик
2) печатот со бројот на гласачкото место и УВ ламбата ИО ги предава на рака на овластеното лице на ОИК.
3) Во проѕирна пластична вреќа за транспорт на доверлив изборен материјал со лепенка на која е напишано името на општината, избор за градоначалник на општината и гласачкото место, се пакува:
   - Запечатениот плик во кој претходно се ставени употребените гласачки ливчиња од овој вид избори (важечки и неважечки);
   - Запечатениот плик со неискористени гласачки ливчиња и кочаните од овој вид избори;
   - Запечатениот плик со изводот од **Избирачкиот список и дневникот**
4) Во останатата проѕирна вреќа ИО го пакува недоверливиот изборен материјал.
5) Гласачката кутија исто така се враќа во општинската изборна комисија.

### 6.2 Доставување

Резултатите и целиот изборен материјал од избирачките одбори мора да биде доставен до ОИК Сарај во **рок од пет часа** по завршувањето на гласањето (18.12.2011 **г. 24:00 ч.**).

За предавањето на изборниот материјал од ИО на општинската изборна комисија се составува записник (Образец број 20-б) кој го потпишуваат претседателот и сите членови на ИО и претседателот и членовите од ОИК Сарај.

## 7. СУМИРАЊЕ И УТВРДУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД СТРАНА НА ОИК

- Записниците за гласањето од сите избирачки одбори за кои е надлежна ОИК Сарај, по приемот, се читаат пред лицата кои се овластени да бидат присутни на сумирањето на резултатите. Операторите истовремено ги внесуваат резултатите од гласањето и веднаш ги добиваат првичните резултати. Општинската изборна комисија има задача да ги спореди овие резултати со записниците од избирачките одбори и во сопствениот Записник за гласањето и сумирањето на резултатите да ги впише резултатите со евентуалните корекции.
- Општинска изборна комисија Сарај резултатите од гласањето ги пресметува врз основа на записниците со сумираните резултати од избирачките одбори (Образец број 16-б) и целокупниот изборен материјал и за истото составува записник. (Образец број 21-б).

Во случаите на **ГРЕШКА ПРИ ПОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАПИСНИКОТ** Општинската изборна комисија постапува на следниот начин:

1) со пенкало го прецртува зборот, односно бројот што е грешен, со тоа што тој и понатаму останува читлив
2) со пенкало се пополнува точниот податок
3) покрај исправката се става печат на избирачкиот одбор
4) ова се забележува во записникот, во делот за забелешки, со тоа што точно се наведува кој збор/број е прецртан и со кој збор се заменува.

- По потпишувањето на оригиналниот записник, овластените претставници на подносителите на листите на кандидат добиваат карбонизиран записник, додека акредитираните набљудувачи добиваат копија од табеларниот дел на записникот.
- Општинската изборна комисија е должна резултатите од гласањето за избор на градоначалник на општината да ги достави до Државната изборна комисија во рок од 12 часа по завршувањето на изборите .
- Општинската изборна комисија (во полн состав: претседател, заменик на претседател и членови) во утврдениот законски рок до ДИК ги доставуваат:
  - Записниците за сумирање на резултатите од гласањето за избор на градоначалник на општина, (Образец број 21-б). За ова предавање, на соодветен образец се составува записник кој го потпишуваат општинската и Државната изборна комисија.
  - Записниците за гласање, сумирање и утврдување на резултатите за избор на градоначалник од сите избирачки места кои се во

надлежност на општинската изборна комисија Сарај (Образец број 16-б). Врз нив само се врши увид, и истите веднаш и се враќаат на ОИК.

**НАПОМЕНА: При доставувањето на записниците до ДИК, ОИК задолжително треба да го носи печатот!!!**

- Целокупниот изборен материјал од гласањето за градоначалник на општината помеѓу двата изборни круга се чува во општинската изборна комисија и го обезбедува полицијата.
- ОИК Сарај е должна на барање на Државната изборна комисија да ги достави вреќите со доверлив материјал за оние избирачки места за кои е поднесен приговор.

## Глава IV ОДРЖУВАЊЕ НА РЕДОТ И МИРОТ НА ГЛАСАЧКОТО МЕСТО

### 1. УЛОГАТА НА ИО ВО ОДРЖУВАЊЕ НА РЕДОТ И МИРОТ НА ГЛАСАЧКОТО МЕСТО

- ❖Избирачкиот одбор се грижи за одржување на редот и мирот на гласачкото место.
- ❖Изборниот законик предвидува кривична одговорност согласно одредбите од Кривичниот законик за спречување на изборите и гласањето, злоупотреба на избирачкото право, повреда на слободата на определувањето на избирачите, за поткуп при изборите и гласањето, за уништување на изборните исправи и за извршена изборна измама
- ❖Доколку гласањето е прекинато повеќе од еден час, тоа ќе биде продолжено за онолку време колку што траел прекинот, но не подолго од три часа. Ако, заради нарушување на редот и мирот на гласачкото место, гласањето е прекинато повеќе од три часа, гласањето во тоа гласачко место ќе се повтори.
- ❖ Избирачкиот одбор се грижи за почитување на забраната за користење на мобилни апарати, фотоапарати или други средства за снимање на изборниот материјал, гласачите и процесот на гласање. Овластените претставници на подносителите на листите, акредитираните набљудувачи и гласачите на денот на гласањето на гласачките места не смеат да користат мобилни апарати, фотоапарати или други средства за снимање на изборниот материјал, гласачите и процесот на гласање.





- ❖ Никој не смее да дојде на гласачкото место вооружен, освен полицијата во случаите кога е повикана од ИО да дојде на гласачкото место.

### 2. ПОЈАВИ НА СЕМЕЈНО И ГРУПНО ГЛАСАЊЕ, ГЛАСАЊЕ ВО ИМЕ НА ДРУГ- СПРЕЧУВАЊЕ




Според Изборниот законик на РМ семејното гласање и гласањето во име на друг претставуваат повреда на законитоста на изборниот процес.
Во случај на појава на семејно гласање, овластените претставници на подносителите на листи и членовите на избирачкиот одбор имаат право и обврска да внесат забелешка во записникот за гласање.

Против лице кое учествува во семејно гласање може:
1) да се поднесе прекршочна пријава
2) да се поднесе кривична пријава

Против член на Општинска изборна комисија Сарај и избирачките одбори кои се во нејзина надлежност кој овозможил семејно гласање може да се поведе:
1) дисциплинска постапка (санкција-престанок на работниот однос)
2) прекршочна постапка (санкција-глоба од 500-1500 EUR)
3) кривична постапка (санкција – затвор од најмалку 5 години)

## 3. УЛОГАТА НА ПОЛИЦИЈАТА НА ДЕНОТ НА ИЗБОРИТЕ

Полицијата (од редовниот-униформиран состав):

- го обезбедува редот во избирачкото место, во објектот во кој се наоѓа гласачкото место и го обезбедува приодот до гласачкото место (просторијата во која се гласа) непрекинато почнувајќи од 06:00 часот до 19:00 часот. Полицијата го обезбедува објектот и просторијата во која е сместено гласачкото место и за време на сумирањето на резултатите, а по барање од страна на ИО таа го обезбедува ИО до предавање на записниците и целокупниот изборен материјал.
- обезбедувањето, полицијата го врши јавно, транспарентно и функционално на начин кој ќе обезбеди сигурност на избирачите
- го воспоставува редот во гласачкото место **<u>само на барање на ИО.</u>** Полицијата не смее неповикана да влегува и да се задржува на избирачкото место. Повикувањето на полицијата се врши усно, писмено, телефонски, по факс или на друг погоден начин и тоа по правило од страна на претседателот или заменикот на претседателот на ИО, а по исклучок, кога тие не се во можност да го направат тоа, полицијата може да ја повика и член на ИО и за тоа да ја извести општинската изборна комисија. Во тие случаи, полицијата е должна:

  - да го отстрани секое лице присутно на гласачкото место (неовластено или овластено), кое го нарушуваат редот и мирот во гласачкото место, се до повторното воспоставување на редот и мирот;
  - да го отстрани од гласачкото место членот на ИО кој го нарушува редот и мирот во гласачкото место, само ако е тоа неопходно за негово воспоставување.

- Потребата за повикување на полицијата се утврдува во Образецот во врска со потребата од повикување на полиција.
- **ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ВЕДНАШ ЗА ТОА ЈА ИЗВЕСТУВА НАДЛЕЖНАТА ОПШТИНСКАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА !!!**
- Полицијата го обезбедува избирачкиот одбор до предавањето на записниците и изборниот материјал до општинската изборна комисија **ако тоа е побарано од страна на избирачкиот одбор.**
- Кога редот и мирот повторно се воспоставени, претседателот на ИО ќе ја замоли полицијата да го напушти гласачкото место и гласањето ќе продолжи.
- Спречувањето на присуството на полицијата, ако за тоа имало потреба, онака како што е предвидено во член 191 од Изборниот законик е казниво со глоба во износ од 500 до 1.500 евра во денарска противвредност.

## 4. ПРАВИЛА ЗА ЕФИКАСНО РЕШАВАЊЕ НА НЕСОГЛАСУВАЊА

Досегашната пракса покажа дека се можни несогласувања на денот на изборите. Но, отвореното манифестирање и изразување на лутина и бес, навредувања и обвинувања претставуваат однесување кое е неприфатливо. Кога станува збор за меѓусебни несогласувања на членовите на изборните органи (ОИК Сарај и ИО во нејзина надлежност) постојат неколку принципи кои треба да се почитуваат за да се најде решение за проблемот:

- НЕ СЕ РАСПРАВАЈТЕ, ТУКУ РЕШЕТЕ ГО ПРОБЛЕМОТ!
- НАСОЧЕТЕ СЕ КОН РАБОТАТА, А НЕ КОН БЕСОТ!
- БИДЕТЕ СКОНЦЕНТРИРАНИ НА КОНКРЕТНОТО ПРАШАЊЕ!
- НЕ ИСКАЖУВАЈТЕ НАВРЕДИ КОН ДРУГИТЕ!
- БИДЕТЕ ОБЈЕКТИВНИ!
- СЛУШАЈТЕ ГИ ДРУГИТЕ БЕЗ ПРЕДРАСУДИ!
- ПОЧИТУВАЈТЕ ГО ТУЃОТО МИСЛЕЊЕ - И ДРУГИТЕ ИМААТ ПРАВО НА СОПСТВЕНО МИСЛЕЊЕ!
- ОДРЕДЕТЕ ГИ МОМЕНТИТЕ КАДЕ ШТО МОЖЕ ДА СЕ ПОСТИГНЕ КОМПРОМИС!